Врз основа на член 383 став 3, член 395 став 4 и член 407 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 163 од Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр. 27/02, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точките од процедуралниот дел на Јавниот повик за свикување на акционерско собрание бр.02-6753/2-1 од 22.09.2023 година, акционерите на Друштвото на акционерско собрание одржано на 27.10.2023 година, ја донесоа следната:

# ОДЛУКА

**за избор на Претседавач, определување на начин на броење на гласови и определување на записничар за работата на акционерското собрание кое се одржува на 27.10.2023 година**

1. За Претседавач на акционерското собрание на Друштвото, кое се одржува на ден 27.10.2023 година, се именува _____________.
2. Претседавачот на акционерското собране на Друштвото ги има правата и обврските дефинирани во Законот за трговските друштва и другите позитивни прописи, како и Статутот на Друштвото, Мандатот на Претседавачот трае до изборот на претседавач на наредното собрание кое треба да биде одржано.
3. Броењето на гласови по точките од дневниот ред утврден со Јавниот повик за свикување на акционерското собрание кое се одржува на 27.10.2023 година ќе се остварува преку посебен софтвер со кој управува Секторот за информатичка технологија на Друштвото.
4. Записникот за работа на Собранието ќе го води **Нотар ____________**.
5. Записникот за работата на Собранието, во текст и содржина предвидени во Законот за трговските друштва, треба да се изготви во рок од 3 (три) дена од денот на од денот на неговото одржување.
6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
7. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

______________________

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА